ЈППЈЛП Битола

# ПРАВИЛНИК

## за блокирање и деблокирање на блокирано возило

Битола, јуни 2020 година

Врз основа на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (Сл. Весник на Република Македонија бр. 169/15, 226/15, 55/2016 и 11/2018 година), Законот за комуналните дејности Сл. Весник на РМ бр.95/2012, 42/2014, 44/2015, 147/2015, 31/2016,64/2018 година), Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Битола, Правилникот за организација и начин на наплата на јавните паркиралишта бр. 01-11/1 од 17.06.2019 година, Управниот одобор Јавно претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во Општина Битола – ЈППЈЛП Битола на ден______________________го донесе следниот:

## ПРАВИЛНИК

### за блокирање и деблокирање на блокирано возило

Член 1

Под ,,блокирање на возило'' се подразбира поставување на механичко средство блокатор на возило кога истото е:

- Паркирано на паркинг простор без регулиран надомест за користење на јавно паркиралиште со наплата или го премини временскиот интервал за кој веќе е извршена парична надокнада;
- Паркирано во резидентна улица или паркиралишта наменети само за станарите на истите;
- Непрописно паркирано на предвидениот паркинг простор или е паркиран на необележано паркинг место, место наменето за лица со инавалидитет, место наменето за електрични автомобили или хибридни возила.

Член 2

Поставување на механичко средство блокатор на возило врши овластено вработено лице на работно место Поставувач на блокатори.

Член 3

Поставување на механичичко средство - блокатор се врши по доставена електронска пријава во електронски систем за работа од страна на контролор на рампа, од котролор на паркирање или од Референт за контрола и надзор на јавни паркиралишта и пајак до центароот за работа со корисноци (Call centar).

Член 4

Поставување на блокатор можи да се изврши и врз основа на барање на полициски службеник од Министерството за внатрешни рабои или комунален инспектор во случај кога е констатирано прекршување на законската регулатива.

Член 5

По добиен налог за поставување на блокада Поставувачот на блокатор е должен да постави механичко средство блокатор на предно тркало, информативен леток на стаклото на предната лева врата за блокирано возило и да изврши фотографирање на возилото.

Член 6

Информативниот леток содржи известување дека возилото е блокирано и упатство за возачот што треба да направи за да возилото биди одблокирано. Информативниот леток е напишан на македонски и англиски јазик.

Член 7

Корисникот на блокираното возило е должен да ги испочитува препораките на информативниот леток и да ја повика службата за деблокирање на наведениот телефонски број и да ја плати определната цена за деблокирање на возилото.

Наплата може да се изврши на лице место или во административните простории на јавното претпријатие.

Член 8

Деблокирање на возилото ќе се врши после констатирана уплата на определената цена согласно Ценовникот на услуги и надоместоци на јавните паркиралишта во Општина Битола.

Член 9

Корисникот на блокираното возило не смее да презема дејствија на насилно вадење на механичкото средство - блокатор од возилото и негово оштетување.

Член 10

Во случај на насилно вадење и оштетување на механичкото средство блокаторот давателот на услугата за паркирање е должен да покрене постапка пред надлежен орган  и да побара надомест на предизвикана штета.

Член 11

Во случај кога корисникот на услугата не е во можност да изврши моментална уплата за деблокирање на возилото истиот е должен да потпиши изјава дека истата ќе ја подмири во рок од 5 дена од денот на блокирање на возилото.

Член 12

Доколку корисникот на услугата не го изврши плаќањето на пропишаниот начин и рокови согласно потпишаната изјава, јавното претпријатие во свое име и за своја сметка ќе покрене постапка за наплата на долгот пред надлежен суд.

Член 13

Во случај кога сопственикот на блокираното возило не се јави за работното време, механичкиот уредот за блокирање се отстранува 15 минути на крајот на работното време.

Член 14

Во случај кога се вади механичкиот уред за блокирање на возилото пред крајот на работно време Поставувачот на блокатор е должен на видно место на возилото да постави Налог за наплата за блокирано возило .

Член 15

Давателот на услугата може да постави Налог за наплата за плаќање на блокирано возило без поставување на механичко средство блокатор при извршена контрола од страна на овластен вработен, доколку корисникот на услугата не го подмирил начинот на паркирање односно при извршената контрола е утврдено дека корисникот на услуга има неруглирана паркинг сесија.

Член 16

Налогот за наплата за блокирано возило содржи број на налогот, регистерска таблица, марка на возило, зона и позона на паркирање, час на издавање, сума за плаќање, дата на издавање, податоци и информации за јавното претпријатие како и информации за постапување за наплата на корисникот на јавните паркиралишта.

Овластен вработен за поставување на блокади поставува и Налог за наплата кој се лепи на стаклото на левата врата на возилото од страна на возачот. По поставување на Налогот за наплата возилото се фотографира.

Член 17

Во случај на неподмирување на обврска според ценовникот на јавното претпријатие во наведениот период од 5 дена давателот на услугата е должен на корисникот на блокираното возило да му достави фактура за извршената услуга.

Доколку фактурата не биде подмирена од страна на корисникот на услуга и по доставувањето и по изминувањето на законски предвидениот рок, давателот на услуга има право да поведе постапка за наплата на превземените дејствија и направени трошоци во врска со Налогот за наплата.

Член 18

Доставувањето на налогот за плаќање за блокирано на возило на начин определен со претходниот став се смета за уредно. Оштетување или уништување на налогот нема влијание на испарвноста (уредноста) на доставувањето и не го одлага неговото плаќање.

Член 19

Овој Правилник може да се менува и дополнува на ист начин и иста постапка како и неговото донесување.

Член 20

Овој Правилник влегува на сила од денот на неговото донесување.

Битола, _________2020 година

Претседател на УО

Љиљана Обедниковска

--------------------------------